ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-5282/14
15.11.2022 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 04/2022**

1.За извршител на работно место:
- **Раководител на Одделение за нормативно-правни работи** во Одделение за нормативно-правни работи во Сектор за правни и организациони работи, како прво рангиран кандидат се избира Снежана Танчева, со освоени вкупно 35,70 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапредена на работното место **Раководител на Одделение за нормативно-правни работи** во Одделение за нормативно-правни работи во Сектор за правни и организациони работи по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.04/2022, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 27.10.2022 година за унапредување на административен службеник на работно место – Раководител на Одделение за нормативно-правни работи во Одделение за нормативно-правни работи во Сектор за правни и организациони работи, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр. 09-5282/10 од 08.11.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, составува финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Градоначалникот.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.